CeProSARD

ЦЕНТАР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИТКИ И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

CENTER FOR PROMOTION OF SUSTAINABLE AGRICULTURAL PRACTICES AND RURAL DEVELOPMENT

**ул.1880 бр.5а, Визбегово 1000 Скопје, тел.факс: +389 2 3061 391**
e-mail: info@ceprosard.org.mk,  www.ceprosard.org.mk

# Годишна програма за работа на ЗГ ЦеПроСАРД за 2019 година

***Скопје, 10.12.2018 г.***

## Содржина

Содржина ........................................ 2
1. ВОВЕД ........................................ 3
2. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ ........................................ 4
3. ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ ........................................ 4
4. ЗАКЛУЧОК ........................................ 7

## 1. ВОВЕД

Изработката на Годишната програма за работа на ЗГ ЦеПроСАРД за 2019 година е подготвена во согласност со донесените заклучоци од одржаната консултативна работилница на вработените во извршната канцеларија, а е резултат на изминато искуство, превземените тековни обврски, идентификуваните предизвици и потреби во организацијата, и досегашната релација помеѓу секторите во ЗГ ЦеПроСАРД, а земајќи ги предвид визијата и мисијата на организацијата. При тоа се утврдени приоритети за 2019 година и соодветно се насочуваат планираните активности и проекти како и ресурсите во организацијата заради нејзин понатамошен одржлив напредок и развој. Приоритетите во работата на ЗГ ЦеПроСАРД за 2019 година се поставени врз основа на искуството и стручното мислење на членовите на Извршниот Одбор:

- Светлана Петровска, извршен директор;
- Ивана Петкановска, проектен директор;
- Гордана Пецељ, финансов директор.

а во тесна соработка и консултации со вработените, стручните соработници и членовите на организацијата.
Годишната програма за работа се заснова на очекуваните резултати, а е во склад со расположивите и планираните финансиски и човечки ресурси, опрема, компетенциите и временските рокови.
И во 2019 година ЗГ ЦеПроСАРД продолжува да делува во согласност сосвојата мисија:

***Воведување и промоција на одржлив развој за обезбедување на подобри услови за живеење, како во руралните така и во урбаните области***.

За остварување на својата мисија во 2019 година ЗГ ЦеПроСАРД ќе се фокусира на :

1. Успешна реализација на тековните обврски по постоечки проекти и консултански активности;
2. Продлабочување на соработката со сите засегнати чинители од областа на делување на организацијата: граѓанските организации (вклучително и вмрежување), бизнис секторот, единици на локалните и националните авторитети, како ирегионалните авторитети;, како изајакнување и продлабочување на партнерствата воспоставени намеѓународно ниво и проширување на мрежата на соработници од и вон државата.
3. Понатамошно зајакнување на сопствените ресурси што подразбира и поддршка на континуирана едукација на тимот
4. Обезбедување на финансиска оддржливост на организацијата.

Своите активности ЗГ ЦеПроСАРД ќе ги спроведува во согласност со следните постоечки сектори:

- Заштита на животната средина (со особен акцент назаштитата на природата, аеро загадувањето и управувањето со отпадот)
- Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија
- Локален развој
- Земјоделство и рурален развој.

Со цел да успешна реализација на својата мисија, ЗГ ЦеПроСАРД своите активности ги усогласува на начин кој придонесува кон постигнување на 17 цели на одржливиот развој од Агендата 2030 на Обединетите нации. За постигнување на целите во своето работење во 2019 година ЗГ ЦеПроСАРД ќе се стреми да ги следи современите трендови, техники и алатки кои можат да придонесат за што помасовна промоција на активностите кои водат до остварување на

мисијата и визијата  на организацијата, меѓу кои електронското информирање и дигиталниот маркетинг.

## 2. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

*Тековните обврски*  примарно се однесуваат на **реализација на постоечките проекти** кои секторски се распределени како што е прикажано на табела бр.1:

Табела бр.1 Тековни проекти ЗГ ЦеПроСАРД

| Сектор | Проект | Траење на проект |
|---|---|---|
| Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија | "Towards Zero energy Hospitals in the Balkan Region - "ZenH Balkan | 01.12.2019 |
| Заштита на животна средина | "Support for improved management of natural resources in National Park 'Pelister' | 04.08.2019 |
| Локален развој | "Fostering Rural and Environmental Tourism through Smart Tourist Information Centres" / FRET-STIC | 15.05.2020 |
| Земјоделство и рурален развој | "Capacity Building for Sustainable Development of Local Action Groups" - BUILDLAG | 19.06.2019 |

Во однос пак на **консултантски услуги за кои е ангажиран стручниот тим на ЦеПроСАРД**, активностите ќе бидат насочени за завршување на обврските кон единицата од Министерство за Финансии на Република Северна Македонија, по тековниот Проект за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка).

*Вмрежувањето со граѓански организации, единици на локална самоуправа и институции на регионално и национално и меѓународно ниво* во 2019 година ЗГ ЦеПроСАРД ќе го реализира преку соработка со партнерите на тековните и идни проекти за реализирање на целта која е во согласност со мисијата на ЗГ ЦеПроСАРД за воведување и промоција на одржлив развој за обезбедување на подобри услови за живеење, како во руралните така и во урбаните области. Вмрежувањето ЗГ ЦеПроСАРД го промовира и реализира преку потпишување на Меморандуми за соработка.

## 3. ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ

*За обезбедувањето на финансиска одржливост во 2019 година,* ЦеПроСАРД како професионална организација  ќе се стреми да ги следи најновите трендови во области на своето делување, ќе поддржува континуирана соодветна надградба на својот стручен тим, со што ќе има можност уште повеќе да ги зајакне своите капацитети и да понуди врвна експертиза, како во услугите кои ги нуди на пазарот за своите клиенти, така и при креирањето на идните прокетните апликации.

ЦеПроСАРД и понатаму активно ќе партиципира и ќе соработува со сите засегнати страни но и со партнерските организации и институции, со цел да се таргтеираат вистинските потреби и суштинските проблеми кои ќе придонесат за постигнување на заедничките цели, а една од нашите зајзначајни заложби е уште поактивно учество во креирањето на политиките во областите на нашето делување .

***При креирањето на нови предлог проекти,*** како и во изминатите 11 години, така и во 2019 година организацијата ќе се насочува кон активности и задачи кои водат кон реализација на визијата и мисијата на организацијата

Потенцијални **идентификувани фондови** на кои тимот на ЦеПроСАРД има знаење и капацитет да аплицира се:

| **Р. Бр.** | **Сектор** | **Име на фонд** | **Очекувана вредност на фонд** | **Очекувано време за најава** |
|---|---|---|---|---|
| Национални фондови | | | | |
| 1 | Заштита на животната средина и ЕЕ со ОИЕ | Фонд на Влада за финансирање на граѓански организации https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/254 | 10.000,00 € | Февруари – Март 2019 |
| 2 | Граѓанско учество/ Заштита на животната средина | Civika Mobilitas https://civicamobilitas.mk/povici/cm-akt-04/ | 30.000,00 | Март 2019 |
| Меѓународни фондови | | | | |
| 3 | Заштита на животната средина / Природа | Van Tienhoven Foundation - http://www.vantienhovenfoundation.com/C120-Application.html | 10.000,00 € | Јануари – Февруари 2019 |
| 4 | Заштита на животна средина / Природа | National Geographic https://www.nationalgeographic.org/grants/grant-opportunities/species-recovery/ | 100.000,00 | отворен |
| 4 | Локален развој | NED - National Endowment for Democracy https://www.ned.org/apply-for-grant/en/ | 45.000,00 | Јуни 2019 |
| 6 | Заштита на Животната средина, енергетика, локален развој | Прекугранична соработка Македонија – Косово | Н/А | Март 2019 |
| 7 | Заштита на животната срединаенергетика , локален развој | Прекугранична соработка Македонија – Србија | Н/А | Н/А |
| 8 | Н/А | Interreg-Balkan Mediteranean Programme http://www.interreg-balkanmed.eu/calls-for-proposals/ | Н/А | Н/А |
| 9 | Н/А | Акциски грантови на ЕУ | Н/А | Септември 2019 |
| 10 | Н/А | RAMSAR SMALL GRANTS FUND FOR | 30.000,00 | Мај 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | WETLAND CONSERVATION AND WISE USE https://www.ramsar.org/document/ramsar-small-grants-fund-for-wetland-conservation-and-wise-use-sgf-operational-guidelines-0 | | |
| Програми за јакнење на капацитетите на организацијата | | | | |
| 11 | Н/А | Оперативни грантови на ЕУ | 50.000 – 150.000 | Април 2019 |

Потенцијални **идентификувани партнери** за соработка се :

- Национални институции – во 2019 година потенцијално идентификувани институции за соработка се Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, Министерство за здравство; Министерство за економија, Агенција за енергетика, Националниот парк „Пелистер“ како и други институции соодветно на проблематиката со која се занимава организацијата;
- Планските региони во Република Северна Македонија - во 2019 година ЦеПроСАРД ќе се стреми да ја продлабочува веќе воспоставената соработка со Полошкиот, Вардарскиот и Пелагонискиот плански регион, а за нов потенцијален партнер идентификуван е Скопскиот Плански Регион како и Североисточниот плански регион;
- Единиците за локална самоуправа: Карпош, Бутел, Шуто Оризари, Куманово, Крива Паланка, и други општини, како и ЗЕЛС.
- Граѓански сектор во земјата: организации кои работат во Скопскиот плански регион – ОРТ, Милеуконтакт, Алка, Мрежата за рурален развој, СНВП, ЗЛЕК, НФФ; граѓански организации во останатите плански региони – Жетва на знаење – Прилеп, ЦЕЛОР – Радовиш , ЛАГ Агро Лидер Кривогаштани Јавор – Зрновци, и др.
- Бизнис секторот: Стопанска комора, Унија на работодавачи, туристички организации, производни организации кои работат во делот на ЕЕ и ОИЕ, проектантски куќи, консултантски фирми, итн.
- Факултети и научни институции: МАНУ, Факултети во склоп на Универзитет Кирил и Методиј (Факултет за земјоделски науки и храна, Машински факултет, ФЕИТ итн.), Технички факултет Битола, Факултет за Бизнис Економија и др.

Во 2019 година ЗГ ЦеПроСАРД ќе ја негува и продлабочува партнерската соработка со граѓански организации надвор од земјата со кои веќе спроведува заеднички проекти особено Косово, Грција, Албанија, Хрватска, Кипар и Шпанија и ќе развива соработка со организации во останатите земји од нови граѓански организации од соседството и пошироко ов Европа.

***Консултантски услуги со постоечката експертиза на тимот*** – Професионалниот тим на ЦеПроСАРД согласно својата експертиза и квалификации ќе продолжи да соработува со институциите при изработка на планови, програми, студии, други стратешки документи и активно ќе партиципира во креирањето политики во областите на своето делување, ќе поттикнува и поддржува долгорочна соработка и партнерства помеѓу засегнатите чинители; ќе го поддржува бизнис секторот како носечки елемент во развојот на општеството и ќе му помага при идентификувањето и искористувањето на достапните програми за развој, како на пр. европските фондови за мали и средни претпријатија, ЕБРД БАС програмата за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и заштитата на животната средина, програмата за обука на енергетски контролори, итн.

## 4. ЗАКЛУЧОК

За спроведување на Програмата за работа за 2019 година во Извршната канцеларија на ЗГ ЦеПроСАРД е планирано да продолжи ангажманот на 6 -те лица кои се постојано вработени со полно работно време и кои на располагање ќе ги имаат сите ресурси на здружението. Во согласност со проектните активности ќе се работи на овозможување услови за вклучување и на дополнителен кадар. Организацијата согласно активностите, проектите и потребната експертиза, продолжува со соработката со веќе воспоставената мрежа на докажани соработници, а останува отворена и за проширување на истата – како со професионалци во определените области на нашето делување, така и со млади кадри и волонтери..

Постојан надзор на работењето на здружението ќе врши надзорно тело со членови избрани во согласност со статутот на организацијата.

Препорака која произлезе од заедничката годишна планирачка работилница е при изработката на Програмата за работа во 2019 година е именување на членови во Советодавно тело за 2019 година. Советодавното тело треба да брои од 5-7 члена. Целта на работењето на Советодавното тело е да даде стручна поддршка и насоки за натамошен развој на здружението и за обезбедувањето на неговата одржливост.

18.12.2018

ЗГ ЦеПроСАРД